па земал абдест на начинот на кој Пратеникот тоа го правел

Јахја бин Умаре ел-Музени, рекол: Бев присутен кога Амр бин Ебу Хасан го прашал Абдулах бин Зејд како Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, земал абдест. Абдулах бин Зејд побарал сад, па земал абдест на начинот на кој Пратеникот тоа го правел. Ја наведнал чинијата со вода преку рацете и ги измил трипати. Потоа ја ставил раката во садот и трипати со едната рака ги исплакнал устата и носот. Потоа ја ставил раката во садот и трипати го измил лицето. Повторно ја ставил раката во садот и двапати ги измил рацете до зад лактите. Потоа ја ставил раката во садот и ги триел предниот и задниот дел од главата. Потоа ги измил стапалата до над глуждовите.

[صحيح] [متفق عليه]

Абдулах бин Зејд, радијаллаху анху, практично ни објаснува како Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, земал абдест. Побарал мал сад со вода. Почнал прво да ги мие рацете, од садот истурил вода со која ги измил трипати, надвор од садот. Потоа ја ставил раката во садот и ја зел од водата, па устата и носот трипати ги исплакнал со три грста вода. Потоа зел од водата во садот и го измил лицето трипати. Потоа ја зел водата и двапати ги измил рацете до лактите. После тоа ги ставил рацете во садот и со нив поминал врз горниот дел од главата, почнувајќи од предниот дел над челото па сè до тилот, врвот на вратот, а потоа наназад до таму од каде што започнал. Потоа ги измил нозете, опфаќајќи ги и глуждовите.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3444